| 2.1 | **Развивање и спроведување на програми за инклузивно образование на децата со ментална и телесна попреченост во редовниот образовен систем вклучително и училишното воспитување и образование** | Воведување на прашањето на хендикепот во образовните програми | МОН, БО | 2013 – 2014 континуриано | Вклучено прашањето на хендикепот во образовните програми | Буџет на РМ |
| 2.2. | **Воведување на современи технологии како поддршка во образовниот процес на децата со ментална и** | Воведување на прилагодена Информатичка опрема за потребите на учениците со посебни образовни потреби ; | МИОиАД, МО | 2013 континуирано | Воведена на прилагодена Информатичка опрема за потребите на учениците со посебни образовни потреби; | Буџет на РМ<br><br>USAID |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **телесна попреченост** | Обука на наставниот кадар за користење на прилагодената информатичка опрема | МИОиАД, МОН | 2013-континуирано | Подгнат капацитетот на наставниот кадар за користење на прилагодената информатичка опрема | Буџет на РМ<br><br>УНИЦЕФ<br><br>ИПА |
| 2.3 | **Изработка на програми за стекнување на неформално образование на лицата со ментална и телесна попреченост, вклучително и доквалификација и преквалификација** | Унапредување на Законот за стручно образование како и Законот за образование за возрасни во кои ќе бидат вклучени лицата со ментална и телесна попреченост | МОН БО | 2013-декември | Унапреден Законот за сручно образование | Нема |
| | | Обука во насока на обезбедување на наставни програми за обезбедување на пософистицирани профили, развивање на мотивациски програми | МОН БО | 2013 – континуирано | Спреведени обуки за наставниот кадар за обука на лицата со ментална и телесна попреченост | Буџет на РМ<br>УНИЦЕФ<br>ИПА фондови |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.** | | **Обезбедување на пристапност и достапност на лицата со ментална и телесна попреченост во областа на транспортот и врските** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Цели** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Фискални импликации** |
| 3.1 | **Преземање на мерки за обезбедување на пристапен јавен превоз за лицата со ментална и телесна попреченост на еднаква основа со другите** | Преземање на мерки за рехабилитација на железничкиот транспорт од аспект на лицата со ментална и телесна попреченост | МоТВ, МЖ | 2012 – 2015 континуирано | Обезбеден пристапен железнички сообраќај | ИПА ( во тек) |
| | | Спроведување на процедури за опслужување на лицата со ментална и телесна | МоТВ, Агенција за патишта, Агенција за цивилно | 2013 – 2014 декември | Надминати дискриминаторските одредби во законската | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | попреченост при користење на воздушниот сообраќај | воздухопловство | | регулатива и подзаконските акти | |
| | | Одржување на специфичната опрема за опслужување на лицата со ментална и телесна попреченост, и нејзино дополнување доколку е неопходно за обезбедување на оптимална помош | МоТВ, Агенција за патишта | 2013 – 2014 декември | Надминати дискриминаторските одредби во законската регулатива и подзаконските акти | Нема |
| | | Транспонирање на Регулатива (ЕЗ) бр. 1107/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 год. за правата на лицата со ментална и телесна попреченост и лицата со намалена подвижност при користење воздушен сообраќај | МоТВ, Агенција за патишта | 2013 – 2014 | Надминати дискриминаторските одредби во законската регулатива и подзаконските акти | Нема |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.** | | **Обезбедување на пристап до добра и услуги за лицата со ментална и телесна попреченост на еднаква основа со другите** | | | | |
| **Р.бр.** | **Цели** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Фискални импликации** |
| 4.1 | **Создавање на услови за достапност на јавните и приватните установи и сервиси за** | Развивање на регулаторни механизми за квалитетни сервиси за поддршка за лицата со ментална и телесна попреченост | МТСП, МЕ, МЗ; ПИОМ, ЦСР, ЕЛС, ЗЕЛС, КЗД, НП | 2013 – 2014 континуирано | Развиени регулаторни механизми за квалитетни сервиси за поддршка на лицата со ментална и телесна попреченост | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **лицата со ментална и телесна попреченост** | | | | | |
| **4.2** | **Анализа на бројот на лицата со ментална и телесна попреченост кои се социјално загрозени и препораки за унапредување на системот на социјална заштита со политики за социјална сигурност и афирмативни мерки** | Обезбедување на лицата со ментална и телесна попреченост рамноправен пристап до соодветните служби, средства и други мерки од социјална заштита | МТСП, ЦСР | 2013 – 2014 континуиран | Обезбеден на лицата со ментална и телесна попреченост рамноправен пристап до соодветните служби, средства и други мерки од социјална заштита | Нема |
| | | Донесување на подзаконски акти за ефективно спроведувае на процесот на деинституционализација | МТСП, ЦСР | 2013 – 2014 декември 2013 | Донесувани подзаконски акти за деинституционализација | Нема |
| 4.3 | **Креирање на буџет во којшто ќе се води сметка за потребите на лицата со ментална и телесна попреченост со посебен акцент за потребите на децата со пречки во развојот и жените со ментална и** | Вклучување на мерки и активности за жените со ментална и телесна попреченост во Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените и подзаконските акти | МТСП, ЕЛС, ЗЕЛС, ЛКЕМ | 2013-2014 декември | Унапреден Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените и неговите подзаконски акти | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **телесна попреченост** | | | | | |
| 4.4 | **Непосредно активно вклучување на ЕЛС во препознавање на потребите на лицата со инвалидност и нивно активно вклучување во сите процеси на локално ниво** | Вклучување на прашањето на хендикеп во буџетот на ЕЛС | ЗЕЛС, ЕЛС | 2013 – 2014 | Вклучено прашањето на хендикеп во буџетот на ЕЛС | Нема |
| | | Вклучување на лицата со ментална и телесна попреченост во комисиите и телата на одлучување на ЕЛС | ЗЕЛС, ЕЛС | 2013 – 2014 континирано | Вклучен значителен број на лица со хендикеп во телата на одлучување на ЕЛС | Посебен Фонд за вработување на инвалиди |
| | | Вклучување на прашањето на хендикепот во Законот за локална самоуправа | МТСП, МЛС | 2013 – 2014 декември | Вклучување на прашањето на хендикепот во Законот за локална самоуправа | Нема |
| | | Транфер на добри практики меѓу ЕЛС по прашањето на хендикеп | ЕЛС, ЗЕЛС | 2013 – 2014 континуриано | Промоција на добри практики меѓу ЕЛС | Нема |
| 4.5 | **Зајакнување на капацитетите на сите чинители за спроведување на соодветното приспособување на станбените објекти на лицата со ментална и телесна попреченост** | Зголемување на опфатот на лицата со ментална и телесна попреченост во програмите за домување | МТСП, ЕЛС, | 2012 – 2014 континуриано | Зголемен опфат на лицата со инвали-дност во програмите за домување. | Нема |
| | | Идентификација на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и ученици со со ментална и телесна попреченост | Државен просветен инспекторат | 2012 | Број на идентификувани ученици, Извештаи од спроведнеата евалуација во основните и средните училишта | Нема |
| 4.6 | **Креирање на услуги засновани на задоволување на потребите на лицата со инвалидност за** | Зајакнување на капацитетите и соработката на институциите во областа на социјалната заштита и на пазарот на трудот | МТСП | 2013 – 2014 Континирано согласно проектните активности | Подобрување на постоечките или воведување нови пристапи и работни методи за вработување на | ИПА |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **нивно потполно вклучување во личниот, семејниот, образовниот и професионалниот живот** | Подобрување на квалитетот на социјалните услуги промовирајќи вклучување во личниот, семејниот, образовниот и професионалниот живот на лицата со инвалидност Зголемување на опфатот и активирање на лицата со инвалидност до програмите за зајакнување на нивните вештини, образование, квалификација и преквалификација | | | лица со инвалидност Олеснето ефекти-вното партнерство помеѓу клучните засегнати страни кои обезбедуваат услуги во областа на вработување и социјална заштита Подобрен квалитетот на соц. услуги за лицата со инвалидност Зголемен бројот на лицата со инвалидност кои ги користат прогр-амите за зајакнување на нивните вештини, образование, квалификација и преквалификација | |

## АНЕКС

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ВРЗАНИ ЗА ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

### Стратешка цел I

**Унапредување на остварувањето на правата на заедниците застапени со помалку од 20% од населението на РМ, на национално и локално ниво**

***1. Изготвување на Анализа на состојбите во образованието на припадниците на заедниците***

**Активности:**

- приказ врз основа на општина за основно и средно образование и врз основа на универзитет за високото образование;
- трендовски приказ (динамика на промените претставени врз основа на разлика од година до година);
- споредбен приказ (споредба меѓу единиците на локалната самоуправа, имајќи го предвид етничката структура на жителите во општината и етничката структура на студентите во универзитет);
- квалитативен приказ на причините за констатираната состојба и
- препораки за подобрување на состојбата.

### Стратешка цел II

**Подобрена евиденција по основ на етничка припадност во сите области, истовремено обезбедувајќи ја заштитата на личните податоци на граѓаните**

***1. Постојано и системско прибирање на релевантни и објективни десегрегирани податоци за етничката припадност во сите области***

**Активности:**

- подготовка или адаптирање на постоечките софтвери во одделните органи на управата, јавните установи и единиците на локалната самоуправа заради прибирање и обработка на податоците по основ на етничка припадност и пол;
- адаптирање на софтверите за собирање и обработка на податоци во Државниот завод за статистика, вметнувајќи ја притоа етничката припадност како независна варијабла;
- потребно е податоците да може да се прикажуваат на државно ниво и на ниво на одделни општини и да може да се прикажуваат со вкрстување на варијаблата етничка припадност со варијаблата пол.
-

*2. Изготвување на годишни извештаи за застапеноста на етничките заедници во сите области*

**Активности:**

Извештаите е потребно да ги подготвуваат органите на управата, јавните установи и единиците на локалната самоуправа, во домените на нивните надлежности и е потребно да ги содржат следниве елементи:

- кванититативни промени врз основа на етничка припадност;
- квалитативни промени врз основа на етничка припадност
- причини за констатираните промени
- препораки за начините и динамиката за подобрување на констатираните проблеми во однос на дискриминација по етничка основа

***3. Спроведување на редовни анкети за перцепцијата на дискриминацијата по основа на етничка припадност и изработка на анализи за утврдување на реалните состојби***

**Активности:**

- ангажирање на институт за истражување на јавното мислење, кој ќе спроведува годишни анкети за перцепцијата на дискриминацијата во Република Македонија, вклучувајќи и дискриминација по етничка основа, запазувајќи ги сите критериуми на репрезентативност и подготовка на извештаи, базирани на истражувањето на јавното мислење, кои е потребно да содржат информации за различните области и облици на дискриминација по етничка основа, прикажувајќи ги податоците, меѓу останатото, и по пол и нивна дистрибуција по општини;
- подготовка на едногодишни анализи за сотојбата на дискриминацијата по етничка основа врз основа на извештаите од спроведените истражувања на јавното мислење, статистичките податоци, добиени од извештаите на одделните органи на управата, јавните установи и еднinformиците на локалната самоуправа, анализата на законодавството, извештаите на меѓународните организации, невладините организации, како и врз основа на квантитативната и квалитетивната анализа на претставките доставени до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител а во кои, како основа на дискриминација, е наведено или е утврдена етничката припадност.

**Стратешка цел III**

**Целосно спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците од сите заедници, како на национално, така и на локално ниво.**

***1. Изработка на детална анализа за состојбата со соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите етнички заедници на национално и локално ниво, според пол и етничка припадност***

**Активности:**

- квантитативен приказ на структурата на вработените, припадници на сите етнички заедници на ниво на Република Македонија, во органите на управата и јавнбите установи врз основа на етничка припадност, пол, степен на образование и институција, со приказ од 2005 до 2012 година, за секоја година одделно;
- квантитативен приказ на структурата на вработените во единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија основани од нив и институции во надлежност на единиците на локалната самоуправа врз основа на етничка припадност пол, степен на образование и единица на локална самоуправа, со приказ од 2005 до 2012 година, за секоја година одделно, а при анализата, како мнозинска заедница да се третира заедницата која е мнозинство на ниво на општина
- квантитативен приказ на структурата на раководните лица, врз основа на етничка припадност на ниво на Република Македонија, во органите на управата и јавнбите установи врз основа на етничка припадност, пол и институција, со приказ од 2001 до 2012 година, за секоја година одделно;
- квантитативен приказ на структурата на раководните лица во единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија основани од нив и институции во надлежност на единиците на локалната самоуправа, врз основа на етничка припадност, пол, степен на образование и единица на локална самоуправа, со приказ од 2005 до 2012 година, за секоја година одделно;
- трендовски приказ (динамика на промените претставени врз основа на разлика од година до година);
- споредбен приказ (споредба меѓу органите на управата, јавните установи и единиците на локалната самоуправа, имајќи го предвид бројот на вработени во институцијата);
- квалитативен приказ на причините за констатираната состојба и
- препораки за подобрување на состојбата.

***2. Подготовка и презентирање на годишни извештаи за надминување на евентуално нееднаков третман и пристап на припадниците на етничките заедници, особено на жените до услугите на државните институции (со предлози и решенија за подобрување на услугите, односно евентуалниот дискриминаторски однос на државните службеници)***

**Активности:**

- анализа на правната рамка во Република Македонија од аспект на нормативни ограничувања во остварувањето на еднаков третман и пристап на припадниците на етничките заедници врз основа на пол со приказ на промените во правната рамка, специфични за годината за која се однесува извештајот;
- анализа и приказ на претставки и нивно решение, доставени до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител, по чиешто решавање е утврдено дискриминација по етничка основа а како дискриминатор е утврден орган на управа, јавно претпријатие или единица на локалната самоуправа;
- давање на препораки за подобрување на правната рамка и праксата со наведување на конкретни рокови за нивно остварување.

***3. Изготвување на Анализа, за потребата и можноста за воведување на евиденција по основ на пол и етничка припадност согласно Законот за постапуање по претставки и предлози***

**Активности:**

<u>Анализата на потребата</u> треба да биде насочена кон:

- колку евиденцијата по основа на етничка припадност и пол на подносителите на претставки и предлози може да придонесе во намалувањето на дискриминацијата;
- утврдување на досегашните претставки и предлози врзани за дискриминација по етничка припадност и пол;
- утврдување на критериумите по кои
- Утврдување на досегашното водење на евиденција на претставките и предлозите во одделните институции.

<u>Анализата на можностите</u> треба да биде насочена кон:

- анализа на подготвеноста на органите да водат евиденција врз основа на етничка припадност и пол и следствено на тоа, нивната подготвеност да доставуваат шестмесечни извештаи до Министерството за правда (согласно членот 18 став 2 од Законот за постапување по претставки и предлози) со преглед на претставките и по основа на етничка припадност и пол;
- подготовка на предлог-обрасци за водење на евиденција, вклучувајќи ги етничката припадност и пол;
- подготовка на процедури и протоколи за интегриран национален модел на водење на евиденцијата, вклучително и етничката припадност и пол, водена од Министерството за правда.

**Стратешка цел IV**

**Подобрен статус на припадниците на немнозинските заедници (со посебен фокус на ромската заедница) корисници на социјална помош вклучително и пристап до здравствените услуги**

1. ***Креирање на посебни програми за подобрување на статусот на припадниците на немнозинските заедници корисници на социјална помош***

- В*клучување на деца Роми во јавните предучилишни установи во Македонија* **(**Имплементација на Проектот “Инклузија на деца Роми во предучилишното образование” во 18 општини ( од почетокот на имплементацијата во 2006 год. досега се опфатени околу 1500 деца Роми) во Република Македонија . *Ангажирани се 17 негувателки во детските градински за имплементација на проектот и остварена е соработка со 17 Ромски НВО).*
- *Активни мерки за вработување на Роми 2011*(Во Оперативниот План за активни мерки за вработување Ромската заедница е таргетирана како целна група во сите Програми).

- *Ромски Информативни Центри* (Функционираат 11 РИЦ и отворени 2 нови Ромски информативни центри. Организирани се информативни средби и спроведени тековни активности на РИЦ во насока на инфомирање и техничка подршка на ромската популација за актуелните огласи од Агенцијата за вработување во однос на активните мерки за вработување, образование и вклучување на ромските деца во образованието, огласите за стипендии и упис во средно училиште, домување, и активности на терен во однос на акцијата за лицата без документи. (прибирање на податоци и логистичка подршка во вадењето на документација)
- *Проект за Правна помош за ромската заедница* (Во соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика и ОБСЕ мисијата во Скопје отворени се мобилни правни канцеларии во градот Скопје (Шуто Оризари, Топаана и Злокучани), Тетово и Гостивар. Ангажиран еден правник и четири асистенти / волонтери за правна помош на Ромската заедница во мобилните правни канцеларии .Правниот советник во соработка со волонтерите асистенти/ овозможија бесплатни правни совети и помош за следните активности: обезбедување на правна помош и совети во различни постапки пред судовите во Република Македонија,административни органи (Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за правда, особено Одделот за граѓански регистрација, Центарот за социјална работа итн) и обезбедување советувања и помош за олеснување на пристапот до социјалните и економски права кај Ромите" .
- *Акција за евиденција на лица во матична книга на родените* (Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи се координатори на Акцијата за евидентирање на нерегистрираните лица во матичната книга на родени. Добиени се податоци за 350 предмети од кој што се обработени се 266 предмети за кои што е добиено мислење од Управата за водење на матични книги на родените и МВР. Мислењето од Управата за водење на матични книги и МВР вклучува понатамошните чекори кои што треба да се превземат за решавање на предметите. Во согласност со наведените упаства на терен РИЦ и МЗМП превземаат и активности за полесните предмети кои што може да се решат.)

2. ***Иницирање на понатамошни истражувања кои треба да го расветлат профилот на целните групи во однос на социјалната заштита, да ги детектираат родовите и етничките потреби и интереси на корисниците, сé со цел создавање на опкружување на еднакви можности за сите граѓани***

- квантитативен приказ на етничката и половата структура на корисниците на услуги од сферата на социјалната заштита (социјална помош, еднократен паричен додаток, туѓа нега, детски додаток и сл.), со приказ од 2001 до 2012 година, за секоја година одделно со приказ на дистрибуција по општини и подрачја кои ги покриваат меѓуопштинските центри за социјална работа;
- трендовски приказ (динамика на промените претставени врз основа на разлика од година до година);
- споредбен приказ (споредба меѓу одделните општини, имајќи го предвид процентот на засгтапеност на немнозинската заедница во одделната општина);
- реализирање на истражување на јавно мислење на целен примерок на припадници на немнозински заедници, корисници на услуги во областа на социјалната заштита, за да се утврдат потенцијалните проблеми со кои се соочуваат при добивањето на услугите;
- реализирање на фокус групи во општините каде имаат седиште меѓуопштинските центри за социјална работа, а на кои ќе учествуваат претставници од сите општини кои ги покрива соодветниот центар, слчајно креиран примерок од припадници на немнозински етнички заедници. На овие фокус групи е потребно да се дискутира за пречките кои постојат во остварувањата на правата од социјална заштита
- квалитативен приказ на причините за констатираната состојба и
- препораки за подобрување на состојбата.

***3.Олеснување на пристапот на жените од руралните подрачја и жените Ромки до загарантираната здравствена заштита***

- Подобрување на пристапот до примарната здравствена заштита преку зголемена информираност и свесност за потребата од превенција и отворање на гинеколошки ординации во општини со значителен број на Роми

- Организирање и спроведување работилници за превенција на инфективни заболувања, туберкулоза, сексуални преносливи болести, карцином на дојка и матка за жените Ромки

- Подготовка и печатење на брошури на ромски јазик со упатства за здрави животни стилови со цел запознавање со здрави животни стилови и здравствена заштита

- Подготовка на Информација за здравствената состојба и здравствената заштита на Ромите во Република Македонија со заклучоци и препораки

- Програмата за рана детекција на малигни заболувања во РМ за 2012 за рак на грлото на матката со која се опфатени сите жени

- Програмата здравје за сите, преку која се спроведуваат превентивни прегледи за целокупното население по пунктови. Прегледите опфаќаа: мерење на крвен притисок, контрола на шеќер во крвта и контрола на холестерол

**Стратешка цел V**

**Обезбедување на еднакви можности на етничките заедници за домување со еднаков пристап до инфраструктура (патишта, вода, и електрична енергија), вработување и образование.**

1. ***Анализа на рамномерноста на развојот на населбите населени со хомогени етнички заедници***

**Активности:**

- подготовка на листа на индикатори во областа на инфраструктурата, вработувањето и образованието, кои треба да претставуваат точки на споредување меѓу просекот карактеристичен за општината и просекот на одделните хомогена населба;

- утврдување на процедури за собирање на податоци за верификација на индикаторите;

- утврдување на просекот по утврдените индикатори за секоја година од 2007 до 2012 година;

- утврдување на просекот на одделните хомогени населби за секоја година од 2007 до 2012 година;

- утврдување на индексот (степенот на диспритет меѓу просекот на опшринско ниво и просекот на одделна хомогена енична населба) за секоја година одделно од 2007 до 2012 година;

- трендовска анализа (анализа на промените од 2007 до 2012 година во рамките на една етнички хомогена општина);

- утврдување на дополнителни извори на подароци релевантни за анализата и утврдување на соодветни техники за нивно собирање, селекција, боработка и анализа;

- подготовка на анализа на општинско ниво;

2. ***Креирање на афирмативни мерки за припадниците на немнозинските заедници на локално ниво за полесен пристап до државните програми за домување (социјални станови и сл.)***

**Активности:**

- утврдување на етничката и половата структура на лицата кои добиле социјални станови или друга помош во остварувањето на правото на дом во периодот од 2007 до 2012 година;

- подготовка на споредбена анализа на афирмативни мерки во други земји;

- создавање на база на податоци за лица, приматели на социјална помош, самохрани родители, хендикепирани лица и семејства кои остваруваат приход во висина помал од минималниот личен доход во државата по основа на етничка припадност;

Утврдување на методологија за креирање на афирмативни мерки (креирање на квоти за припадници на немнозински заедници на ниво на општини, каде што има социјални станови или се нуди друга помош за домување или, пак, креирање на префернцијални критериуми, односно загарантирани поени плус при рангирање, по основ на припадност на немнозинска заедница). При креирањето на методологијата, потребно е да се прецизира кои се тие немнозински заедници, на ниво на општини, за кои треба да бидат спроведени афирмативните мерки, на основа на претходната анализа.

3. ***Вклучување на родовата перспектива и надминување на тешкотиите со коишто се соочуваат жените од етничките заедници во користењето на активните мерки за вработување***

Информативни средби за доближување на активните мерки за вработување до жените Ромки ( преку Центрите за вработување и Регионалните информативни центри во повеке градови во државата)

4. ***Акции насочени кон подигање на свеста за задолжителното образование со посебен фокус на посебните причини за осипување на машките и женските деца, посебно од ромска припадност.***

**Активности:**

- врз основа на анализата од активноста под реден број 2 од втората стратешка цел, креирање на преглед на осипување на учениците во основните и средните училишта по основ на етничка припадност, пол, општина, година, одделение односно година на средно образование и училиште;
- подготовка на анализа за причините за осипувањето на децата (миграција, внатрешна миграција, стапување во брак на учениците, социо-економски причини, културолошки причини и традиција и сл), подготвена врз основа на методологија за научно истражување, која треба да опфати интервјуа, фокус групи, статистичка анализа и анализа на релевантни извештаи и научна литература за овој феномен;
- утврдување на целни групи кон кои ќе биде насочена акцијата (ученици, наставници и родители);
- утврдување на инструменти за подигнување на свеста меѓу секоја целна група одделно (советувања и предавања за наставниците, работилници, предавања и јавни кампањи за учениците и советувања и јавни кампањи за родителите);
- подготовка на сет на нструменти за јавна кампања за подигнување на свеста (постери, видео и радио спотови и телевизиски емисии на оваа тема).